Република Северна Македонија
КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ
И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА
ОКСЗД
Republika e Maqedonisë së Veriut
KOMISIONI I PARANDALIMIT
DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI

Архивски број: 08-717/3
17-11-2023 година

Постапувајќи по претставката бр. 08-717/1 од 28.09.2023 година, поднесена од [redacted] од Скопје, со седиште на [redacted] во Скопје, против [redacted] од Скопје, за извршена дискриминација по основ на етничка припадност преку социјалната мрежа Facebook, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација ("Службен весник на Република Северна Македонија", бр. 258/2020), го донесе следниот

**З А К Л У Ч О К**

**СЕ ОТФРЛА** претставката бр. 08-717/1 од 28.09.2023 година, поднесена од [redacted] од Скопје, против [redacted] од Скопје, **поради немање активна легитимација за поднесување на претставка за заштита од дискриминација,** а врз основа на член 23 став (3) од Законот за спречување и заштита од дискриминација.

**О б р а з л о ж е н и е**

На 28.09.2023 година до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација (во понатамошниот текст: Комисијата) поднесена е претставка за заштита од дискриминација од подносителот [redacted] од Скопје против [redacted] од Скопје, за извршена дискриминација по основ на етничка припадност преку социјалната мрежа Facebook.

Според наводите во претставката пријавеното лице на 07.08.2023 година на нејзиниот профил на социјалната мрежа Фејсбук објавила објава со следната содржина: " Бугарски неофашизам на големо, афирмацијата на македонската култура не смее да помине, ни преку длабоката вода! Па, ќе ги ставале Бугарите во северниот Устав! Душмани, ни свест, ни совест, ни светост...!"
Со оваа објава именуваната ја коментирала објавена вест во која е напишано дека бугарски здруженија во САД се мобилизираат против предлог резолуција со која се бара во септември да се слави македонскиот јазик, историја и култура на македонските Американци со зборови дека се шири бугарски неофашизам и дека истите се душмани.

Понатаму се наведува дека како резултат на ова македонските бугари се навредени и видно револтирани, односно вознемирени, со тоа што пријавената е професор по историја при Институт за национална историја на УКИМ. Со наведената објава, според подносителот, [redacted] дторила повикување, поттикнување и инструкција за дискриминација и вознемирување, врз основа на потекло, национална и етничка припадност, конкретно кон граѓаните на Република Северна Македонија со бугарско национално самосознание.

Врз основа на изнесените наводи во предметната претставка се утврди дека подносителот на претставката, [redacted] од Скопје, во конкретниот случај нема активна легитимација за поднесување на претставката што е услов утврден со член 23 став (3) од Закон за спречување и заштита од дискриминација. Ова од причина што предмет на објавата не се граѓани на Република Северна Македонија со бугарско национално самосознание кон кои би се повикувало, поттикнало или дала инструкција за дискриминација или вознемирување од страна на потенцијалниот дискриминатор, врз основа на потекло, национална и етничка припадност, а со оглед на целите на Здружението кои се видни од приложената тековна состојба од Централен регистар на Република Северна Македонија.

Од овие причини Комисијата за спречување и заштита од дискриминација одлучи како во диспозитивот на овој заклучок.

Скопје
17.11.2023 година

Комисија за спречување и заштита од дискриминација

Заменик Претседател
Лимко Бејзароски

Доставено до:

[redacted]

- Архива на КСЗД

КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ
И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА
KOMISIONI I PARANDALIMIT
DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI
ул. Даме Груев 1, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Dame Gruev 1, 1000 Skopje, Republic of North Macedonia
+389 23232368;
+389 23216892
www.kszd.mk
contact@kszd.mk